Ѓорѓи ТАНКОВСКИ

# КАДРОВСКИ ПРОБЛЕМИ ПО НАСТАВАТА ПО ИСТОРИЈА*

Преструктуирањето на насоченото средно образование, и низ таа призма, поставеноста на наставата по историја го актуелизира прашањето на положбата и перспективите на наставниот кадар по овој предмет.

Реформата и наставниот план и програми предметот историја во наставата, како што е познато го поставија со следниот фонд на часови:

а) Во сновното училиште

V одделение ... 1 час седмично

VI одделение ... 2 часа седмично

VII одделение ... 2 часа седмично

VIII одделение ... 2 часа седмично

Програмата, надвор од седмичната оптеретеност на учениците, предвидува ангажирање на наставникот со по 1 час изведување на дополнителна настава и 1 час додатна настава. Тоа значи дека од V до VIII одделение, во основно училиште со основна развиеност /од секое одделение по една паралелка/, наставникот по историја има на располагање седмично вкупно 9 часови.

Не навлегувајќи во прашањето дали е ова доволен број часови /според наше уверување и во V одделение потребен е уште 1 час/, наставата по историја во основното училиште по однос на фондот на часовите останува непроменета. Друго е прашањето на распределбата на наставниот материјал во наставната програма. Заедничките програмски јадра, всушност, повторно /во основа/ ги враќаат концентричните кругови

* Рефератот е поднесен на XVI редовно годишно собрание на Сојузот на друштвата на историчарите на СРМ одржано во Куманово на 6 и 7 април 1984 година.

во програмирањето на наставниот материјал кој за предметот историја историчарите го сметаат поприфатлив, бидејќи води сметка за психофизичката развиеност на учениците.

б) Бидејќи најголем дел од промените што ги донесе реформата го засегнаа насоченото средно образование, нашето внимание ќе го свртиме на овој степен на образование.

Оставајќи го настрана отвореното прашање за застапеноста на македонската национална историја во рамките на заедничките програмски јадра, за кое историчарите од СР Македонија преку својата асоцијација јасно искажаа дека треба да ја има повеќе и прашањето за потребата од изучувањето на историјата барем уште и во третата година од насоченото средно образование, во моментов, според она што е зацртано, наставата по историја во насоченото средно образование е застапена само во првите две години и тоа во заедничките основи. Во третата и четвртата година, односно степен, неа ќе ја најдеме само во две насоки и тоа: во културолошката насока и педагошката насоката насока со по 2 часа во трета и по 2 часа во четврта година. Ваквата недоволна застапеност на овој мошне базичен предмет за воспитувањето на младата генерација и формирањето на правилен историски мироглед, во наши — македонски услови станува уште поважно кога соседите од исток и југ го негираат нашето постоење, нашата самобитност и на најбескрупулозен начин ја омаловажуваат нашата историја.

Оттаму, не е на одмет заклучокот што ќе го изнесеме дека поголемата застапеност на историјата, во тој контекст и на националната историја, вклучувајќи ја и НОВ и Револуцијата, во севкупната настава на насоченото образование е од витален интерес за нашата нација. Нашиот човек треба да го знае своето минато за да умее да им дава достоен одговор на сите оние што го негираат неговото постоење, за да умее да го брани сегашниот живот и правото на иднина.

Промените во насоченото средно образование, во смисла на застапеност на историјата како наставен предмет, предизвикуваат кадровски промени во наредните неколку години. Намаленото изучување на историјата односно нејзиното неизучување во трета и четврта година предизвикуваат и ќе предизвикуваат нè само намалување на бројот на активните наставници во наставата, т.е. одреден технолошки вишок, туку и намалување на бројот на новите наставници што би можеле да се вработат во наставата.

За да можеме поцелосно да го согледаме ова прашање, преку Републичкиот завод за унапредување на образованието и воспитувањето, на сите центри за насочено-средно образование во Републиката им упативме прашалник што ги замоливме да ги пополнат, за да ги добиеме потребните податоци. Бараните по-

датоци преку прашалникот ги добивме од 70 средношколски центри до крајот на месец март. Односно, од за нас непознати причини, не ни одговорија училишните центри од општините: Охрид, Струга, Ресен, Демир Хисар, Неготино, Делчево, Македонска Каменица. Да напоменеме дека некои училишта не беа во состојба поцелосно и попрецизно да ги искажат своите перспективи во наредните учебни години. Претпоставуваме дека тешкотија им претставувало немањето на дефинитивни податоци за насоките што ќе бидат застапени со бројот на паралелките во истите.

Во секој случај, од одговорите на дадениот прашалник можеме да ги констатираме следните кадровски состојби и промени:

## I. Сегашна состојба (уч. 1983/84 год.)

1. Вкупниот број на наставниците по историја во училишните центри од кои добивме податоци изнесува 169,35 вработени.

2. Од постојниот наставнички кадар, по однос на степенот на образование, сите 169,35 се со високо образование, односно се професори по историја, што претставува солидна квалификациона структура и претпоставка за остварување на квалитетна настава.

3. По својот работен однос 160,35 од наставниците се во постојан работен однос, односно на неопределено работно време, а 9 на определено работно време — со договор.

4. Во сегашната состојба наставата по историја е застапена со вкупно 2931 час, од кои на редовна настава отпаѓаат 2906 часови, а 25 часови на изборна настава. Тоа значи дека изборната настава по историја е мошне слабо застапена.

## II. Планирана состојба во почетокот на учебната 1984/85 година

Иако училишните центри не беа во состојба најточно да ни ја предочат состојбата во почетокот на предстојната 1984/85 година, сепак се мошне интересни податоците што ги добивме за тоа. Впрочем, ете што ни одговараат училишните центри:

1. Бројот на наставниците што се предвидува да бидат ангажирани во наставата по историја се планира да изнесува 151;

2. Часовите од редовната настава за овие наставници ќе изнесуваат 2.518;

3. Часовите од изборната настава ќе изнесуваат 23;

4. Вкупно часови планирани за предметот историја изнесуваат 2.541;

5. Технолошкиот вишок на наставниот кадар што ќе се јави во учебната 1984/85 година со примената на новите наставни планови и програми во трети клас на насоченото средно образование е 29,55 наставници;

6. Вкупен недостиг на часови за полн неделен фонд за наставничкиот кадар по историја во почетокот на учебната 1984/85 година изнесува 6,30.

## III. Состојба во почетокот на учебната 1985/86 година

Дека кадровските промени во наставата по историја во учебната 1985/86 година ќе доведат до натамошни промени може да се согледа и од наредните податоци што ни ги доставуваат училишните центри:

1. Бројот на наставниците трпи натамошно намалување и се планира на 145,18;

2. Бројот на часовите од редовната настава се планира да спадне на 2.238 часови;

3. Бројот на часовите од изборната настава ќе изнесува 22;

4. Вкупно часови се планира да има 2.260;

5. Вишокот на наставен кадар по историја во почетокот на учебната 1985/86 година со примената на новите наставни планови и програми во четврти клас на насоченото средно образование се предвидува на се зголеми и тоа на 36,6 наставници;

6. Вкупен недостиг на часови за полн неделен фонд за планираниот наставен кадар по историја во почетокот на учебната 1985/86 година се планира да изнесува 789.

IV Некои од постојните наставници по историја се обиделе сами да најдат излез во обезбедување на доволен број на часови за себе со тоа што преку полагање на дополнителни испити се здобиле и со диплома за изведување настава по предметот марксизам и самоуправување. Такви наставници има 10.

V. На прашањето — како според интерните програми и акти на училиштето ќе се решава проблемот со технолошкиот вишок на наставниот кадар по историја, училишните центри не беа во можност да ни дадат поголем број на одговори што би претставувале излезно решение.

Повеќето од нив очекуваат со посредство на СИЗ за насочено образование да се изврши прераспоред во други училишта; други — со дополнување по предметот марксизам и самоуправување, трети очекуваат тоа да биде предмет на самоуправ-

на спогодба во рамките на Републиката, четврти со таква спогодба во рамките на општината во која како можност да бидат земени во предвид и основните училишта итн. Мошне незнатен е бројот на училиштата што предвидуваат да нема технолошки вишок.

VI. На прашањето — дали во рамките на општините постои некаква самоуправна спогодба за преземање на вишокот на наставен кадар, за негово вработување соодветно на стручната квалификација (вработување во основното образование, во историски архиви, музеи, библиотеки и др. стручни институции), од добиените одговори дознавме дека во Скопје ваква спогодба постои само во рамките на градот, а во другите општини од Републиката само во неколку. Во повеќето од општините вакви спогодби сè уште не е изготвена. Според наши мислење тоа не смее да се оддолжува, зашто училиштата сами никако не се во состојба да го решат овој мошне деликатен проблем.

VII. На прашањето — кои критериуми имаат усвоено училиштата според кои ќе се определува технолошкиот вишок, речиси сите училишни центри даваат исти или мошне блиски одговори. Имено: полниот фонд на часови ќе претставува едно од мерилата; бројот на годините како работно искуство и квалитетот на вработените во наставата е другото главно мерило за определување на технолошкиот вишок. Некои од училиштата сè уште немаат изготвено вакви критериуми.

Кадровските промени во насоченото средно образование по историја, што произлегуваат од примената на новите наставтавни планови и програми се на прагот. Тие претставуваат мошне осетливо прашање зошто, пред се, станува прашање за чистата егзистенција на тој дел од вработените. Училишните центри ниту можат ниту треба сами да го решаваат ова прашање. Се до неговото конечно решение тоа треба да биде предмет на посебна грижа и политика на РСИЗ за насочено образование. Но, неговото конкретно решение треба да се бара, може да се бара и оттаму треба да претставува посебна грижа и политика на општината. Од друга страна, тоа треба да биде така решавано што ќе остават перспектива и за вработувањ ена претстојниот — младиот наставнички кадар што доаѓа.